Почитувани претставници на граѓанските организации,

Ви благодариме на интересот за учество на Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2024 година. Пополнетиот образец (заедно со прилозите, доколку ги има) доставете го до Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, електронски на адреса **nvosorabotka@gs.gov.mk со назнака Иницијатива за ГПРВ 2024, до 15.9.2023 година.** Со доставување на образецот потврдувате дека се согласувате вашата иницијатива да биде објавена на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

## Општи податоци за здружението / фондацијата

Име на здружението/фондацијата: Македонски центар за меѓународна соработка

ЕМБС (матичен број на правниот субјект според податоците во Централен регистар): 4878256

Седиште и адреса (улица, број, општина): ул. Никола Парапунов 41А, Поштенски факс 55, 1060, Скопје, Македонија

Застапник: Александар Кржаловски, директор
Веб страница: www.mcms.mk
Електронска пошта (e-mail): mcms@mcms.mk
Телефонски број за контакт: 072 248 476
Лице за контакт: Валентина Величковска

## Предлог- иницијатива
## за годишна Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2024 година

**Наслов на иницијативата: Унапредување на околината за развој на граѓанското општество**

**Стратешки приоритет:** (придонес - поврзаност со определен стратешки приоритет на Владата на Република Северна Македонија)

Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија

**Приоритетна цел:** (придонес - поврзаност со определена стратешка цел на Владата на Република Северна Македонија)

Во Програмата за работа на Владата за 2022-2024 е наведено дека Владата е определена за унапредување на околината во која работи и се развива граѓанското општество, што придонесува во зајакнување на демократското управување и воспоставување на структурен дијалог со граѓанското општество кое ќе придонесува и ќе дава поддршка на патот на реформите за интеграција на земјата во Европската Унија. Една од целите во оваа Програма е - Унапредување на системот на државно финансирање на граѓанските организации.

**НППА** (поврзаност со пристапни партнерства како и соодветна идентификација на поглавје и подрачје)
Согласно на НППА 2021-2025:
1. Политички критериуми

1.1. Демократија
Граѓанско општество
Среднорочен приоритет: Ќе продолжи обезбедувањето средина за развој и унапредување на граѓанскиот сектор, преку континуирано спроведување на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор со Акциски план за периодот 2021-2023.

**Образложение:** (Краток опис на иницијативата: причини за предлагање, предмет на уредување доколку се работи за закон или подзаконски акт и надлежен орган на државната управа)

Последните анализи (види прилози) покажуваат влошување во овозможувачката средина за развој на граѓанското општество, отсуство на суштинска, па дури и формална комуникација и дијалог. Функционирањето на граѓанското општество е клучен показател за демократската клима во земјата, а кога тоа е загрозено тогаш доведен е во прашање и напредокот на земјата како и нејзиното приближување кон Европската Унија. Како примери, во 2022 Владата и формално и суштински ја прекрши институционалната поставеност во врска со укинувањето на средствата наменети за поддршка на активностите на граѓанскито сектор од Генералниот секретаријата на Владата и целосно игнорирајќи ги ставовите на Советот за соработка и без консултации го утврди Министертвото за политички систем и односи со заедниците како надлежно министерство за распределба на средствата за поддршка на граѓанските оргизации. Процесот на реформа на државното финансирање целосно стагнира во 2023, работната група не се сретна ниту еднаш а наместо да се предвиди зголемување на државното финансирање, граѓанските организации се соочија со кратење на средства во 2022 година по различни основи.
Понатаму, Владата го затвори консултативниот процес за Реформата на државната управа, и покрај неколкуте барања од Советот и граѓанските организации процесот продолжи да се води само во рамки на министерствата.
Нацрт извештајот од скринингот на кластерот фундаменталс на земјата од Европската комисија во резимираните наоди истакнува дека се потребни низа подобрувања истакнувајќи ја финансиската поддршка за граѓанските организации.

Со оглед на претходно кажаното, сметаме дека Владата во Програмата за 2024 година треба сериозно да се заложи и да ја спроведе оваа предлог-иницијатива со фокус на неколку важни елементи:

1. **Заложба на Владата за обезбедување на континуирано работење на Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество и системско вклучување на граѓанските организации за суштински прашања**

Во 2022 Владата целосно го игнорираше Советот за соработка и ги избегна бараните консултации со ова тело, како главен облик за дијалог меѓу Владата и граѓанското општество, при носење на клучни одлуки поврзани со државното финансирање што доведе до бојкот на Советот од страна на членовите на Советот од редот на граѓански организации. И покрај неколку официјални барања од членовите на Советот за средба со владини претставници на највисоко ниво, пред се со Претседателот на Владата, Владата остана нема а бојкотот продолжи одразувајќи се негативно на низа други активности (на пример, следење на спроведувањето на Стратегијата за соработка со и развој на граѓанското општество 2022-2024, реформи на државното финансирање и сл). Со истата таа Стратегија Владата се обврза да обезеди континуирано работење на Советот. Затоа Владата мора да преземе итни чекори за надминување на кризата во Советот, а како прво одржување на итна средба.
Одлуките на Владата не смеат да го попречат работењето на Советот кое што може да направи домино ефект во овозможувачката средина за развој на граѓанското општество. Потребно е носење на легислатива што ќе го заштити функционирањето на Советот. Односно, со измените на Законот за здруженија и фондации треба да се регулира и функционирањето на Советот. Дополнително, условите, постапката за донесување на одлука и времетраењето на бојкотот треба да се уредат со актите за формирање на Советот.
Согласно на Стратегијата за соработка, во Програмата на Владата за 2024 да се предвиди и спроведе трансформацијата на Кондексот на добри практики за учество на граѓанското општество во процесот

на креирање политики во задолжителен акт за сите органи на државната управа (според временската рамка на Стратегијата ова требаше да биде завршено во 2022 г). Во процесот на трансформација на Кодексот да се инкорпорира и обврската на државните институции за објавување на законските акти на ЕНЕР. (37% од предлог-законите доставени до Собрание биле претходно објавени на ЕНЕР за консултации во 2022г).

2. **Реформа на државното финансирање за граѓанските организации и зголемување на државното финансирање**

Владата во програмата за работа во 2024 година потребно е да ги опфати следните елементи поврзани со државното финансирање за граѓанските организации, а кои произлегуваат од донесената Стратегија на Владата за соработка со и развој на граѓанското општетво за период 2022-2024:

**а) Зголемување на државното финансирање за граѓанските организации**
Неопходно е Владата да преземе мерки за достигнување на регионалните практики со акцент на финансиската поддршката која ја имаат граѓанските организации од државата споредбено со нивните вкупни приходи. Оттука нашиот предлог, кој што е во согласност со донесената Стратегијата од страна на Владата, е во 2024 година финансирањето на граѓанските организации од страна на државата да достигне најмалку 30% (околу 2 милијарди денари) од вкупните приходи на граѓанските организации. Зголемувањето на државното финансирање за граѓанските организации треба да се дефинира во годишната програма за работа на Владата како посебна точка. За поголема одржливост и предвидливост на државното финансирање, потребно е однапред да се подготви план за висината на средства за најмалку три следни години, а засновано на просекот на годишните приходи во граѓанскиот сектор во претходните три години.
Овој предлог е продложение на претходните поднесени иницијативи од страна на МЦМС[1] и се уште се залагаме за остварување на оваа иницијатива. Сакаме да потенцираме дека одговорите кои доаѓаат од Министерството за финансии, а се во насока на ограничените финансиски можности за зголемување на државното финансирање не се издржани бидејќи тековната Стратегија е усвоена од Владата во чие работење учествува и Министерството за финансии (МФ) и постепеното зголемување е предвидено како посебна мерка која треба да се оствари и каде МФ стои како надлежна институција.
**б) Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженијата на граѓани и фондациите да се трансформира во задолжителен подзаконски акт**
Програмата на Владата за 2024 година да го предвиди донесувањето на задолжителниот законски акт за финансиска поддршка за граѓански здруженија кој ќе важи за сите органи на државната управа. Донесувањето на овој акт е во согласност со тековните мерки на Стратегијата и истиот требаше веќе да биде донесен. Овој акт е особено важен за да се обезбеди транспаретност и отчетност во начинот на доделување средства за граѓанските организации и кој ќе биде аплициран од страна на сите државни институции без исклучок.
**в) Продолжување на работата на работната група формирана за реформа за државно финансирање**
Исто така, потенцираме дека работната група за реформа на државното финансирање формирана на почетокот на 2022 година потребно е да продолжи со работа (во 2022 г. се одржаа неколку состаноци, а во 2023 г. нејзината работа целосно стагнира). За да може да се донесе долго посакуваната реформа на овој систем потребно е работната група да одржува континуирани состаноци од кои ќе произлезат конкретни заклучоци и предлози. Ова е особено важно бидејќи оваа работната група треба поинтензивно да работи на подобрување на институционалната поставеност на системот на државно финансирање на граѓански организации и формирање на независен Фонд за поддршка и развој на граѓанското општество.

[1] Види повеќе на: https://www.nvosorabotka.gov.mk/sites/default/files/Obrazec%20za%20inicijativa%20za%20GPVRSM%202021_MCMS_1_2.pdf

3. **Отворање на Дом на граѓанските организации**

Финансиската оддржливост претставува проблем за најголемиот дел од граѓанските организации, ограничнувајќи ги нивните можности да обезбедат физички простор каде што тие можат да работат, да се среќаваат, да спроведуваат настан, да се вмрежуваат и активно да делуваат.
Владината поддршка за граѓанските организации не подразбира само финансиска помош преку грантови туку и поддршка за обезбедување услови за нивно непречено работење. Анализите покажуваат дека во сопственост на државата има простории и цели објекти кои не се користат и не се одржуваат.
Предлогот ни е Владата да даде на користење простори во државна сопственост за отварање на Дом на граѓанските организации, а како конкретен предлог од објектите кои ни се познати го наведуваме Домот на АРМ во Скопје поради неговата локација, пристапност и неговата неискористеност. Предлагаме јавно-приватно или друга соодветна форма на партнерство меѓу државата и граѓанскиот сектор за управувањето со објектот кој што ќе биде отворен за сите граѓански организации.
Во тек е спроведување на проект финансиран од Европската унија "ЕУ поддршка за Граѓански ресурсен центар-фаза 2" во чии рамки се обезбедува ваков простор за организациите и тие имаат интерес за користење на истиот. Ова е одлична можност за воспоставување партнерство меѓу Владата, Европската унија и граѓанските организации за заедничко иницирање на Домот на граѓанските организации и гарантирање негова одржливост на долг рок.

**Очекувани влијанија:** (Кои се очекуваните влијанија од предлог-иницијативата)

Предлог-иницијативата се очекува да го подобри опкружувањето во кое функционираат граѓанските организации со што ќе се зајакне граѓанското општество и структурниот дијалог меѓу Владата и граѓанскиот сектор, што ќе придонесува и ќе дава поддршка на патот на реформите за интеграција на земјата во Европската Унија.
Дополнително иницијативата би придонела кон поголема одржливост на граѓанските организации преку зголемување на средствата и обезбедување на други видови поддршка за граѓанските организации.
Предлог-иницијативата ќе ја зголеми довербата меѓу граѓанските организации и Владата, преку воспоставување на транспарентен и отчетен начин на распределба на средствата од буџетот.
На овој начин Владата ќе може да одговори на реалните потреби на граѓанските организации и реализирање на активности и програми од важност за секој граѓанин во нашето општество.

**Финансиски импликации:** (Дали предлог-иницијативата предизвикува финансиски импликации? Ако има, дали потребните средства се обезбедени и од кои извори?)

Реформата на системот на државно финансирање на граѓанските организации има финансиски импликации. Дел од средствата може да се обезбедат од измени во Законот на игри на среќа, а дел да бидат директно предвидени од Буџетот. Работната група за реформа на државното финансирање ќе даде предлизи за изнаоѓање решение од каде точно ќе се повлечат средства и како ќе се постави системот за државно финансирање на граѓанските организации. Донесувањето на законските акти ќе се спроведе во склоп на редовните работни активности на органите на државната управа како и редовните работни активности на граѓанските организации. Реновирањето на просториите на Домот на граѓанските организации би било обезбедено од странски донатор. Дополнително, би биле обезбедени финансиски средства од странски донатор за покривање на редовните трошоци за функционирање на Домот на граѓански организации за тригодишен период.

**Прилози** (со наведување на авторот на документот):

**Мониторинг матрица за овозможувачко опкружување за развој на граѓанското општество, Извештај за Република Северна Македонија 2022** (2023), автори: Снежана Камиловска Трповска, Валентина Величковска, издавач МЦМС
**Анализа на работата на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество во 2022**, (2023), автор: Валентина Величковска, издавач: МЦМС, ГРЦ
**Приходи на граѓанските организации од државата за 2022**, издавач: МЦМС
**Извештај за напредокот во спроведувањето на Акцискиот план за спроведување на Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество 2022-2024 и постигнување на стратешките и оперативните цели во 2022 година** (2023), издавач: Генерален Секретаријат на Влада на Република Северна Македонија
**Огледало на Владата: Учество на јавноста во процесите на подготовка на закони, Годишен извештај од следењето на ЕНЕР во 2022** (2023), автор: Валентина Величковска, издавач: МЦМС, ГРЦ

Потпис на застапникот



15.09.2023 година Скопје

М.П.